Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 377/0306
19.10 20 20 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 14 октомври 2020 година, врз основа на примена жалба од интернет-порталот „Журнал" за интернет – платформата „In7.tv", ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ**
**НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 13 септември, 2020 година, интернет – порталот „Журнал“ поднесе жалба за текстот со наслов „LSDM: Kartela pagesore për pensionistë, të papunët dhe prindërit vetushqyes“ (СДСМ: Платежна картичка за пензионери, невработени и самохрани родители), објавен на 13 септември 2020 година, на интернет – платформата на „In7.tv“ (www.in7.tv), односно на веб-страницата „fax.al“.

Во жалбата се наведува дека во текстот се нарушени авторските права и дека станува збор за плагијат. Од интернет – порталот „Журнал“ појаснуваат дека содржината е преземена без дозвола и без цитирање на изворот од каде што е преземен текстот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА НА КОМИСИЈАТА

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, иницираше и успеа да издејствува помирување на страните во спорот, откако претходно стапи во контакт со интернет - порталот „In7.tv“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Од медиумот посочија дека се свесни за пропустот и дека се работи за ненамерна грешка на новинарот, спротивно на утврдената пракса на порталот секогаш да се наведува извор на информацијата. Од „In7.tv“ информираа дека ќе стапат во контакт со директорот на „Журнал“ и дека лично ќе се извинат за ненамерниот пропуст.

Во комуникацијата со Советот за етика, подносителот на жалбата, интернет – порталот „Журнал“, информираше дека како медиум се задоволни од одговорот и дека прифаќаат постапката да биде затворена по пат на помирување.

*„Во врска со жалбата за недозволено преземен текст од страна на Ин7, ве информираме дека истите не контактираа и се извинија. Се договоривме истото да не се повтори, а со тоа се договоривме и да ја повлечеме жалбата кон нив (Ин7)“,* се вели во образложението на жалителот.

Комисијата за жалби се согласи дека позитивно решениот процес на медијација треба да служи како пример за решавање на слични случаи и во иднина. Во таа насока, Комисијата ги охрабрува и жалителите и медиумите да покажат повеќе конструктивност и толерантност во идните спорови.

Во исто време, Комисијата ја цени и во оваа прилика, ја поздравува и подготвеноста на медиумите да ги препознаат, признаат и коригираат пропустите во содржината.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска,Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595